РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - ОПШТИНА ПЛАСНИЦА
KUZEY MAKEDONYA CUMHURİYETİ - PLASNİCA BELEDİYESİ

| Примено ALINDI | 25.06.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица KURUM BİRİM | Број SAYI | Прилог EK | Вредност DEĞER |
| 30- | 303/1 | | |


**До: -Општина Пласница, и**
**-Градоначалник на Општина Пласница**

**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од:

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот на информација од јавен карактер Општина Пласница каде според последниот попис на население спроведена во 2021 год. процентот на турската заедница изнесува 97.13 %[1].

Согласно Амандманот V „*во единиците на локалната самоуправа јазикот и писмото што го користат најмалку 20% од граѓаните е службен јазик, покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. За употребата на јазиците и писмата на кои зборуваат помалку од 20% од граѓаните во единиците на локалната самоуправа, одлучуваат органите на единиците на локалната самоуправа“*[2].

Членовите 89 и 90 од Законот за локална самоуправа[3] ги регулираат правилата за јазична политика на локално ниво. Пропишано е дека *македонскиот јазик и неговото кирилично писмо се службени на локално ниво, но исто така и дека јазиците и писмата на немнозинските заедниците кои ги користат барем 20% од населението се исто така службени.*

Согласно со член 1 точка 4 од законот за употреба на јазиците „*Во единиците на локалната самоуправа јазикот и писмото што го користат најмалку 20% од граѓаните е службен јазик, покрај македонскиот јазик и*

---

[1] Попис на населението, домаќинствата и становите, 2021 година, Државен завод за статистика на Република Северна Македонија 2.1.22.10-mk-en.pdf (stat.gov.mk)
[2] Устав на Република Македонија, Амандман V („Службен весник на Република Македонија“ бр. 91,
[3] Microsoft Word - ZAKON ZA LOKALNATA SAMOUPRAVA.doc (aa.mk)

*неговото кирилско писмо. За употребата на јазиците и писмата на кои зборуваат помалку од 20% од граѓаните во единиците на локалната самоуправа, одлучуваат органите на единиците на локалната самоуправа„*[4]

Од горното произлегува дека во Општина Пласница Турскиот јазик и неговото писмо е службен јазик на локално ниво т.е. на целата ЕЛС.

Од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Дали Турскиот јазик се употребува на пленарните сесии на општинските совети и другите тела?
2. Дали писмениот превод на службените документи на советот и на другите тела се вршат на Турски Јазик?
3. Дали патните знаци се пишуваат и на Турски Јазик?
4. Дали пишаната комуникација се врши и на Турски јазик?
5. Дали пишувањето на таблите на општинските згради и имот се вршат и на Турски Јазик?
6. Дали објавувањето на Службениот гласник / весник се врши и на Турски Јазик?
7. Дали функционира Веб страница на ЕЛС и на Турски Јазик?
8. Дали спроведување на процесот на пристап до информации од јавен карактер се врши и на Турски Јазик?
9. Дали информациите кои се објавуваат на огласните табли се објавуваат и на Турски јазик?
10. Бројот на професионален персонал кој врши преводи на Турски Јазик?
11. Дали комуникацијата на граѓаните со органите и телата на ЕЛС се вршат на Турски Јазик?
12. Дали усмената комуникација меѓу граѓаните и ЕЛС се врши и на Турски јазик?
13. Дали комуникацијата меѓу граѓаните и јавните претпријатија се врши и на Турски јазик?
14. Дали поседувате буџетска линија (ставка) во вашите буџети или завршна сметка која ги покажува трошоците предизвикани од јазичните политики?
15. Дали печатот и штембилот на општината и другите тела на ЕЛС покрај други јазици е и на Турски јазик?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

---

[4] Zakon-za-upotreba-jazitsite-14-01-2019.pdf (iuj.gov.mk)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- **д) друго ПИСМЕН ОДГОВОР преку е-маил:**

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта -

- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ________________________________________

**Правна поука:** Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Потпис

20/06/2024 година.